**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 20.01.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 254/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, Директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, реализиран по повод:
   - Службена белешка со арх бр. 03-5570/1 од 24.12.2025 година (Прилог бр1).

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

3. **Период опфатен со надзорот:** од 10.12.2025 година заклучно со 15.01.2026 година.

4. **Датум на извршување на надзорот:** 16 јануари 2026 година.

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот е констатирано дека Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп престанал со емитување на програмски сервис повеќе од 30 дена.

8. **Опис на прекршувањето:**

На 24.12.2025 година, Секторот за информатичка поддршка и општи работи до директорот на Агенцијата достави Службена белешка арх.бр.03-5570/1, во која меѓу другото е наведено дека од добиени сознанија како и при редовна контрола на системот за снимање и мониторинг на телевизиски и радио сервиси на 23.12.2025 година утврдил дека Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, не емитува телевизиска програма, односно дека радиодифузерот престанал со емитување на својата телевизиска програма на 10.12.2025 година во 12:00 часот.

Секторот за информатичка поддршка и општи работи беше задолжен да изврши најмалку 30 дневен мониторинг. Мониторингот беше реализиран во периодот од 10.12.2025 година, а заклучно со 15.01.2026 година.

При извршениот мониторинг беше констатирано дека Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп не работи согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини престанал со емитување на програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување, а согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

***Прилог: 1.*** *Службена белешка*

***Сектор за информатичка поддршка и општи работи***

mag